Citizens for change!

# ЦИВИКА МОБИЛИТАС

# ПАРТНЕРСКИ ГРАНТОВИ

## ПОВИК ЗА ПРЕДЛОЗИ

референтна ознака ЦМ-ПГ-2

**рок: 15 октомври 2025 г., 13:00ч.**

## П Р А Ш А Њ А  И  О Д Г О В О Р И

од информативни средби во Струмица, Тетово и Скопје и по е-маил до 06.10.2025 г.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска

Во продолжение се објавени прашањата во врска со овој повик, поставени на информативните сесии одржани во Струмица, Тетово и Скопје и пристигнати по електронска пошта на програмата Цивика Мобилитас, поставени до крајниот рок согласно водичот за апликанти.

| **1. Општи прашања за повикот партнерски грантови на Цивика мобилитас** | |
|---|---|
| П1. Кога е планирано да започнат проектите? | Согласно прелиминарната временската рамка од Водичот за апликанти се планира грантистите да започнат со спроведување на активности од месец декември 2025 година. |
| П2. Дали ние бидејќи сме здружение за луѓе кои се борат со инвитро, би можеле да влеземе во делот на социјална кохезија? | Предложените активности треба да придонесат кон целта и приоритетите на овој повик. Во зависност од вашата проектна идеја, соодветно изберете специфична тема/ област. Повеќе информации може да најдете во дел 2.1 Цел и резултати и 3.3. Активности во Водичот за апликанти. |
| П3. Дали е препорачливо да се аплицира само за една тематска област?<br>П3.1. Дали може тематските области да се вкрстуваат низ предлог проектот? | При пополнувањето на концептот мора да се избере една главна специфична област/тема, но тоа не значи дека не може да се опфатат и други теми со предвидените активности. При процесот за селекција на грантови, Цивика мобилитас ќе настојува да избере по најмалку еден партнерски грант за секоја од приоритетните специфични теми/области. |
| П4. Дали треба да имаме конзорциум или мора да потпишуваме меморандум за соработка при аплицирање? | Откако носителот и партнерите ќе креираат профили на грантс.мк, носителот ќе ја додаде партнерската организација со впишување на нејзиниот ЕМБС, по што партнерот ќе добие е-маил за потврда на партнерството. Ваквата потврда се смета за Изјава за партнерството. |
| П5. Дали имате систем за бодирање? | Вашите апликации ќе бидат оценувани од надворешна комисија согласно табелата за оценување на пријавите наведена во водичот за апликанти. По одлука на комисијата, може да бидат направени дополнителни проверки за верификација. |
| **2. Прашања за подобност на апликантите (носителите и партнерите)** | |
| П6. Дали сме ние подобни како граѓанска организација да аплицираме доколку претходно не сме имплементирале грант | Нема таков критериум, подобни сте. |

| | |
|---|---|
| од странскиот донатор и немаме завршни сметки или завршни извештаи? | |
| П7. Дали како партнер може да ни биде државна институција? | Државните институции можат да бидат соработници во проектот, а партнери може да бидат само граѓански организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) или други невладини, непрофитни, граѓански здруженија како што се истражувачки институти, регистрирани согласно Законот за научно-истражувачка дејност (ЗНИД). |
| П8. Дали партнерите можат да се појават во повеќе апликации или само во една? | Секоја организација на овој повик може да се појави само еднаш и во улога на носител и во улога на партнер. |
| П9. Ние бевме корисници на грант во претходната фаза на Цивика мобилитас. Дали сме подобни да аплицираме на овој повик? | Да, подобни сте. Овој повик се однесува на последната фаза на Цивика мобилитас (2023-2026) година. Организациите (носители и партнери) на кои им е доделен партнерски грант (ЦМ-ПГ со почеток од декември 2023) и организациите на кои им е доделен грант за граѓански ангажман (ЦМ-ГГА со почеток од јули 2024) не се подобни за пријавување на овој повик за грантови. |
| П10. Дали овој повик важи за основно училиште?<br><br>П10.1 Дали како граѓанска организација (која ќе биде носител на проектот) можеме да имаме институција како партнер – конкретно, музичко училиште?<br><br>П10.2 XXXX е Комора основана како непрофитен субјект, согласно Законот за стопански комори. Дали во овој случај нашата институција може да аплицира на овој повик или е исклучена согласно наведеното во повикот? | Согласно точка 3.1.1 од Водичот за апликанти:<br>За да биде подобен за партнерски грант во рамките на овој повик, апликантот носител мора да е регистриран во Северна Македонија, и тоа да биде:<br>• граѓанска организација, регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ);<br>• други невладини, непрофитни, граѓански здруженија како што се истражувачки институти, регистрирани согласно Законот за научно-истражувачка дејност (ЗНИД).<br><br>Согласно точка 3.1.2:<br>Партнерот/партнерите мора да ги исполнуваат истите критериуми за подобност кои се однесуваат на Носителот. |

| | |
|---|---|
| | За жал, други институции или организации кои не се регистрирани согласно еден од горенаведените закони не се подобни за аплицирање на овој повик. |
| П11. Во вашиот најнов повик за доделување партнерски грантови [ЦМ-ПГ-2] стои дека пријави можат да поднесат:<br>• Граѓански организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации<br>• Други невладини, непрофитни, граѓански здруженија регистрирани согласно Законот за научно-истражувачка дејност.<br>Ние - XXXXXX сме невладино и непрофитно здружение, но не сме регистрирани според Законот за научно-истражувачка дејност. Во прилог испраќам и тековна состојба за подетално да погледнете.<br>Ве молам за информација дали можеме да аплицираме на повикот или не. | Вашата организација XXXXX е претходно регистрирана на нашиот портал грантс.мк и е подобна за аплицирање на овој повик.<br>Имајте во предвид дека Подружниците не се подобни да аплицираат на овој повик бидејќи не ги сметаме за засебни организации, тие немаат единствен матичен број, туку имаат подброј од единствениот матичен број на главната организација. |
| П12. Дали новоформирано здружение може да биде носител на проектот?<br><br>П12.1. Дали има лимит, колку време организациите треба да бидат регистрирани за да се подобни за овој повик? Дали има разлика меѓу носител и партнер? | Не постои таков критериум.<br>Повеќе информации за разликата меѓу носител и партнер се дадени во Водичот за апликанти. |
| П13. Дали ЛАГ-овите по региони градови се подобни да бидат носители или партнери во рамки на овој повик. | Доколку ЛАГ-от е регитриран согласно ЗЗФ истиот е подобен и може да аплицира за партнерски грант. Имајте во предвид дека подружниците не се подобни да аплицираат на овој повик бидејќи не ги сметаме за засебни организации, тие немаат единствен матичен број, туку имаат подброј од единствениот матичен број на главната организација. |

| | |
|---|---|
| П14. Дали носителот може да биде истражувачки центар? | Да, ако е регистриран под еден од двата закони наведени во точка 3.1.1. од Водичот за апликанти. |
| П15. Дали може да аплицира странска фондација? | За да биде подобен за партнерски грант во рамките на овој повик, апликантите мора да се регистриран во Северна Македонија согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) и други невладини, непрофитни, граѓански здруженија како што се истражувачки институти, регистрирани согласно Законот за научно-истражувачка дејност (ЗНИД). |
| **3. Прашања за други критериуми и услови за аплицирање** | |
| П16. Дали соработникот може да биде странска организација? | Да, може. Повеќе детали се дадени во точка 3.1.3. Соработници од водичот за апликанти. Примери за соработници може да погледнете во фуснота 2 (страна 7) во Водичот за апликанти. |
| П17. Дали се исплаќаат средства на соработниците? | Не е дозволено директно исплаќање на средства кон соработниците. Повеќе детали се дадени во точка 3.1.3. Соработници од водичот за апликанти. Примери за соработници може да погледнете во фуснота 2 (страна 7) во Водичот за апликанти. |
| П18. Дали може веќе актуелен грантист на ЦМ да биде соработник во овој проект? | Да, тековни грантисти на ЦМ можат да бидат соработници во проектот. |
| П19. Каков доказ треба да биде приложен поврзано со соработниците во проектот? | Вклучувањето на Соработници во проектот подразбира претходна формална или неформална согласност од истите дека се заинтерсирани и ќе се вклучат во предлог активностите. Во оваа фаза приложување на доказ не е задолжително, но доколку имате склучено Меморандум за соработка или потврда, истите може да ги прикачите во делот „Други документи" на платформата грантс.мк. Доколку бидете избрани за грант, понатаму може да биде побаран соодветен доказ поврзан со Соработникот на проектот. |

| | |
|---|---|
| П20. Дали соработниците во нашиот проект можат да бидат во друг проект апликанти или партнери? | Може, во повикот нема вакво ограничување во однос на соработниците. |
| П21. Нашиот проект подразбира соработници од рангот на Собрание, МНР/Влада, Претседател. Сепак нивната волја за вклучување и вистинска соработка не може ниту да ја процениме ниту да ја гарантираме. Дали е проблем ако ги внесиме во проектот а подоцна се воспостави дека не се заинтересирани за соработка? | Вклучувањето на Соработници во проектот подразбира претходна формална или неформална согласност од истите дека се заинтерсирани и ќе се вклучат во предлог активностите. Доколку немате вакква согласност, истите можат да бидат целна група во проектот, наместо соработници. |
| П22. Во делот на соработници во самата пријава, дали се мисли на опис на институции и организации а не на партнери. | Да, соработници е различно од партнери. Вклучувањето соработници не е задолжително. Повеќе информации се дадени во дел 3.1.3 Соработници во Водичот за апликанти. |
| П23. Бидејќи велите дека треба да има рамномерен третман во цела Македонија, дали ќе биде соответно ако се спроведе активноста во една општина, а потоа да се дисеминира во цел регион, дали тоа ќе биде доволно или треба од почеток да се планираат активности за поширок регион?<br><br>П23.1. Дали ќе се смета задоволување на барањето за реализирање на активностите на национално ниво во повеќе од еден од планските региони, доколку клучната активност која ќе бида започната во еден регион, потоа во текот на проектот, ќе биде раширена на национално нив во другите региони?<br><br>П23.2. Дали е прифатливо проектот да таргетира, односно да се спроведува на ниво на една општина или регион, или пак потребно е проектот да опфати повеќе општини? | Активностите може да се спроведуваат на национално, регионално ниво или локално ниво. Тие треба да бидат релевантни, добро испланирани и изводливи. Предложените активности треба да придонесат кон целта и приоритетите на овој повик. Повеќе информации може да најдете во дел 2.2 Цел на повикот за предлози: и 3.3. Активности во Водичот за апликанти. |

| | |
|---|---|
| П23.3 Дали реонот опфатен со предлог проектот може да биде само една општина (со градот и руралните населени места)? | |
| П24. Дали проектите во областа Истражувачко новинарство треба да бидат на база на резултати или на база на активности? Дали треба да се продуцираат стории, или да се размислува низ призма на резултат? | Проектите за истражувачко новинарство треба да бидат насочени кон стории и истражувања базирани на факти и докази, врз база на кои ќе може да се откријат неправилности и да се застапува за преземање на конкретни мерки. Апликантите треба соодветно да го осмислат предлог проектот во согласност со насоките дадени во Водичот за апликанти. |
| П25. Дали игра улога партнерите да бидат од различни градови?<br><br>П25.1.Дали партнерите мора да се со седиште во различни општини/градови, или е прифатливо да се од ист град? | Не постои таков критериум. |
| П26. Иако јасно кажавте дека критериумот е најмалку еден партнер, колку при оценката бројот на партнерите ќе биде пресуден? На пример, ако проектната идеја е одлично оценета, придонесува кон резултат 2, но има само еден партнер, минималниот критериум, дали тоа ќе влијае врз конечната оценка?<br><br>П26.1 Колку партнери може да се вклучат? | Не постои критериум во оценувањето што се однесува на бројот на партнери. Во овој повик за грантови пријавите мора да имаат најмалку еден партнер но нема критериум за максимален број на партнери. |
| П27. Колку е минимумот на организации вклучени во една апликација - пишува 1 + 1, но во точка 1 страна 4 вели:<br>Оваа последна фаза на Цивика мобилитас има пофокусиран пристап во споредба со прет-ходните фази. Некои активности се приоретизирани, а дел ќе бидат децентрализирани и/или интегрирани во активностите на грантистите. Грантовската компонента е изменета и насочена кон два | Делот кој го цитирате од 1. Основа се однесува на одобрената програма на Цивика мобилитас за партнерски грантови. Сепак, ова е вонреден повик каде поради краткиот рок за аплицирање и пократката временска рамка за спроведување условот се менува и согласно наведеното во Воведот, како и во точка 3.1.1. Во овој повик за партнерски грантови, пријавите МОРА да имаат еден носител и најмалку ЕДЕН партнер. |

| | |
|---|---|
| типа грантови (партнерски грантови и грантови за граѓански ангажман). Со овој пристап програмата се ориентира на поддршка на партнерски грантови – составени од најмалку три (3) или повеќе ГО. | |
| П28. Доколку во активностите имаме предвидено серија работилници за кои имаме предвидено предавачи од странство, дали е тоа прифатливо? | Доколку предложените предавачи имаат експертиза поткрепена со соодветна документација за нивниот избор, секако дека е прифатливо. |
| П29. Дали може малку повеќе да го објасните приоритетот унапредување на дигиталната трансформација? Што подразбирате под дигитална трансформација? | Дигитална трансформација е процес на воведување/користење на дигитална технологија за спроведување на активностите и остварување на очекуваните резултати. |
| П30. Дали со лица кои ќе бидат ангажирани за еднодневен ангажман ќе треба да се склучи договор? | Да треба. Со сите ангажирани лица на кои ќе им исплатите хонорар треба да склучите договор. |
| П31. Дали кај партнерската организација, лицето за контакт, односно проектниот координатор, може да биде хонорарно ангажирано лице, или мора да е вработено лице во самата организација која што е партнер во проектот?<br><br>П31.1 Дали односите на лицата ангажирани во проектот во својство и во рамките на ставката за персонал (човечки ресурси) може да бидат уредени со договор за дело, со оглед дека планирано во ставката за персонал е да ангажираме лица со пократок број на неделни часови, како на пример, студенти.<br><br>П31.2 Инволвираниот персонал дали мора да е вработен/пријавен или како? | Нема таков кртитетиум. Лицата ангажирани во проектот во рамките на ставката за персонал (човечки ресурси) може да бидат редовно вработени или ангажирани со договор на дело. Доколку вашата апликација биде одобрена од страна на Комисијата за избор на грантови ќе побараме јасно дефинирање каков вид однос ќе се заснова со лицата ангажирани во проектот. Трошоците за плати треба да се однесуваат на персоналот вклучен во спроведувањето на предложените активности (вклучително и кај носителот и кај партнерите). |
| П32. Дали ако проектот трае 12 месеци, а активностите се планирани за 10 месеци, би можело 2 месеци во летниот период да | Може, важно е да се почитува условот: спроведувањето на проектот да не надминува 12 месеци. |

| | |
|---|---|
| бидат неплатени и да се стагнира со проектот, освен активности на социалните мрежи? | |
| П33. Се бара финансиски капацитет на организацијата, но ако е дозволено да аплицира организација што е неодамна формирана, како може да има ист третман при евалуацијата? Која е гаранцијата дека новоформираното здружение има капацитет да ја спроведе активноста? | Во овој повик се оценува проектната идеја и добро разработен предлог проект, како и колку истиот води кон остварување на општата цел на програмата, Резултат 2 и структурни, долгорочни промени. Комисијата за оценка на апликации го задржува правото да ја оцени изводливоста на активностите. |
| П34. За ангажман на експерти дали треба однапред со CV да бидат наведени во проектот или треба да се изберат преку оглас? | Доколку при подготовка на проектот имате соодветен експерт за некоја активност чиј ангажман може добро да го поткрепите со соодветно искуство и перформанси, истиот може да го наведете во проектната апликација. Секако при спроведување на проектот пожелно е да се објави оглас за избор на експерти, но истите може да се обезбедат и преку директно склучување на договор доколку станува збор за експерт кој поседува специфични квалитети и познавања за кои тешко е да се најдат повеќе експерти во земјата. |
| П35. Ако се ангажираат анкетари за некоја анкета теренска, дали може организацијата, партнерска да речеме, сама да назначи анкетари од нејзини членови или и за нив да објави оглас? | Ангажирање на лица за краткоречен ангажман, за кои не е потребна посебна експертиза, може да се ангажираат без објавување на повик (пр. анкетари, лектори, преведувачи). |
| П36. Дали овој грант може да биде ко-финансирање на друг проект и да се однесува за продолжение на активности спроведувани од друг грант поддржан од друг донатор? | Може, важно е да внимавате да не дојде до дупло финансирање на иста активност од повеќе донатори. |
| П37. Дали ревизија треба да се прави само на проектот или на целокупното работење на организацијата? | Задолжително е да се направи надворешна проектна ревизија. |
| П38. Дали на проектот може да имаме ангажирано лице кое онлајн би ги извршувало своите обврски, во согласност со природата на задачата, или мора да е со физичко присуство? | Согласно природата на активностите кои ќе ги испланирате, на вас останува одлуката за видот на ангажман и начинот на работа на лицата ангажирани на проектот. |
| П39. Темата ни е заштита на културното наследство и сакаме да склучиме договор | Партнерските грантови треба да придонесат кон Резултат 2 на Цивика мобилитас. Пожелно е грантовите да бидат во една од |

| | |
|---|---|
| со веќе постоечка организација од Македонија, кои што работат на археолошки искуопувања а ние сакаме да помогнеме да се промовира и да се обезбеди видливост на тој настан, во кој приоритет би требало да се фокусираме? | приоритетните теми/области на Цивика мобилитас. Предложените активности треба да придонесат кон целта и приоритетите на овој повик. Повеќе информации може да најдете во дел 2.2 Приоритети и 3.3. Активности во Водичот за апликанти. |
| П40. Ме интересира дали и на овој повик има определено ограничување на приливите во тек на изминатата година на партнер и апликант? Во смисла за нивната подобност, дали има лимит на пример да не оствариле 25.000 евра приход? | Не постои таков критериум. Во повикот нема ограничување за приливите од минатите и тековната година. |
| П41. Дали има можност и дали се бара кофинансирање за проектите?<br><br>П41.1 Дали може кофинансиерот да биде од надвор? | Во рамките на овој повик за предлози се поттикнува и кофинансирање од други донатори, но истото не е задолжително. |
| П42. Дали е битно главниот апликант да има проекти од порано, да биде појака организација? | Не постои таков критериум. |
| П43. Носителот и партнерот треба да бидат граѓански организации а соработникот може да биде институција? | Да, носителот и партнерот мора да бидат регистрирани граѓански организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) или други невладини, непрофитни, граѓански здруженија како што се истражувачки институти, регистрирани согласно Законот за научно-истражувачка дејност (ЗНИД). Институциите може да бидат само соработници. |
| **4. Прашања поврзани со порталот за регистрација и поднесување на пријавите grants.mk** | |
| П44. Дали доколку еднаш сме регистрирани на грантс.мк за некоја претходна апликација за грант, за овој повик треба повторно да се регистрираме? | Доколку сте веќе регистрирани на платформата, вашиот профил постои и нема потреба повторно да се регистрирате. Доколку во меѓувреме настанале некои промени во вашата организација, постои можност да го ажурирате вашиот постоечки профил. |
| П45. Како да се регистрираат партнерите на онлајн платформата? | Партнерите се регистрират/креираат профил на ист начин како и носителите на проектот. За креирање на профил на grants.mk следете ги насоките во Водичот за креирање профил на грантс.мк. |

| | |
|---|---|
| П46. Во кој дел поточно од аплицирањето се врши ова додавање на партнерот со неговиот матичен број? Дали е тоа во самата пријава или некаде на нашиот профил на grants.mk при поднесувањето на пријавата во ОТВОРЕНИ ПОВИЦИ ? | Додавањето на партнер како поле се појавува кога ќе започнете со поднесување на вашата апликација на платформата grants.mk. |
| **5. Прашања во однос на пополнувањето на пријавата и прилозите** | |
| П47. Во самата апликација кога се распределуваат активностите, носител се подразбира на носителот на активноста или на носителот генерално? | Секаде каде што се наведува носител се мисли на носителот на грантот, конкретно во Прилог 3. Временска рамка, во делот каде што се бара носител, треба да наведете кој ја спроведува активноста. И во самата пријава кога ги појаснувате активностите треба да наведете кој ги спроведува, дали сите заедно, или конкретно носителот или партнерите. |
| П48. За пополнување на прилог 4. треба да се ангажираат експерти или можеме сами да го оцениме влијанието? | Прилог 4. Влијание на животна средина е формулар за самооценка. Истиот го пополнува носителот во соработка со партнерите, а се однесува на проценка на влијанието на планираните активности врз животната средина. |
| П49. Дали е потребно организацијата да има организациски извештаи за три или за пет години? | Во фазата на аплицирање не е потребно да се приложуваат организациски извештаи, освен да се внесат податоци во пријавата за последните години (доколку е применливо). Понатаму доколку предлог проектот е предложен за грант од страна на Комисијата, може да ви бидат побарани на увид извештаи за последните три години (доколку е применливо). |
| П50. Во делот од пријавата каде што се известува за бројот на вработени во одредена година, дали се мисли на редовно вработени во редовен вработен однос или со договор на дело?<br><br>П50.1 Што доколку здружението работи волонтерски и лицата се вклучени како волонтери? Дали тие се сметаат за вработени и може да се земат во предвид во делот од пријавата? | Бројот на вработени во тековната година може да вклучи број на редовно вработени лица и лица ангажирани со договор на дело.<br><br>Има посебна колона во самата пријава која се однесува на ангажирани волонтери. |

| | |
|---|---|
| П51. Дали треба да се додава нешто во документот прилог 6. Изјава од носител во контекст на текст или само да се потпише и да се стави печат? | Во прилог 6 не треба да се додава ништо освен побараните податоци (име на законски застапник и позиција). Истиот само треба да се потпише од страна за законскиот застапник на организацијата носител на проектот, да се стави печат од организацијата носител и да се прикачи на grants.mk скениран. |
| П52. Во образецот за пријава во основни податоци за носителот има прашање за град за посети и регион за посети. Освен место на регистрација и регион на регистрација на апликантот, што значи ова за посети? | Тоа поле е наменето за организации кои се регистрирани во еден регион или град (адреса од тековна состојба), а канцеларијата им се наоѓа на друга адреса или во друг град. На пример: организацијата е регистрирана во Гевгелија, но канцеларијата се наоѓа во Скопје. |
| П53. Во формуларот за пријава, секција 2, во делот за предходно искуство, дали доколку не сме соработувале со партнерската организација може да го оставиме празен? | Може, или наведете дека до сега не сте соработувале. |
| П54. Во логичката рамка имаме општа цел, специфични цели, резултати и активности. Како се разликува општата цел од специфичните цели на проектот? | Општата цел го опишува поширокиот општествен придонес на проектот, додека специфичните цели се конкретни и мерливи и проектот директно треба да ги постигне. |
| П55. Во делот од пријавата за меѓусебно искуство „опишете го вашето претходно искуство со секој од апликантите доколку е применливо“ – доколку има само еден партнер, дали само носителот пополнува за нивното искуство или и партнерот го пополнува истото? | Во ред е истиот одговор да биде наведен во двете полиња, но може и секоја од организациите да го опише меѓусебното искуство од своја гледна точка и специфичните бенефити од таа соработка за самата организација. |
| П56. Нашата организација е во процес на менување седиште. Сега канцеларијата ни е виртуелна, односно немаме физичка канцеларија. Која адреса да ја ставиме во пријавата? | Адресата која е наведена во вашата тековна состојба. |
| П57. Дали во апликацијата може да имаме најмногу 3 специфични цели?<br>Во водичот и во образецот кој го пополнуваме не можеме да најдеме информација за бројот на специфичните цели, но во „Логичката рамка“на местото каде што бара специфични цели, во | Во врска со бројот на специфични цели на ниво на проект, водете се според ограничувањето дадено во Логичката рамка. |

| | |
|---|---|
| заграда пишува дека треба да се максимум 3. | |
| **6. Прашања поврзани со правила за буџетирање и алокација на средства** | |
| П58. Видовме дека постои алокација меѓу партнер и апликант, ама дали добро сфативме дека од целата сума што аплицираме не смее носителот повеќе од 60% да буџетира за него?<br><br>П58.1. Во распределбата на буџет, дали треба да се внимава на распределба со партнерите? На пример: 50% носител, 30% партнерот? | Услов во повикот е износот со кој ќе располага носителот да изнесува најмногу 60% од побараниот буџет (не повеќе). Распределбата на буџетот и трошоците ја регулираат носителот и партнерите со меѓусебен договор. И задолжителните трошоци може да се распоредат подеднакво или не кај носителот и партнерите. (ревизија, трошоци за тематски форум, учество на ЦМ настани...) Одговорноста за известувањето кон Цивика мобилитас е на носителот. Финансиското известување кон Цивика мобилитас за целиот износ на грантот е одговорност на носителот. |
| П59. Дали може да ми го објасните делот за 50% од вкупниот износ од трите ставки, а не од буџетот? | Износот на оперативните и трошоците за брутоплати на персоналот се препорачува да биде пропорционален на директните трошоци и до 50% од вкупниот износ на овие три буџетски ставки (човечки ресурси, оперативни трошоци и директни трошоци). |
| П60. Дали треба да се пресметат банкарски провизии?<br><br>П60.1 Дали банкарските трошоци може да се вклучат во директни или во индиректни трошоци? | Банкарските трошоци може да се прикажат во оперативни трошоци. Доколку не ги предвидите како оперативен трошок, тогаш истите може да ги надоместите од индиректните трошоци. Банкарските трошоци не можат да бидат директен трошок. |
| П61. Организација која нема редовно вработени лица, дали трошоците ќе ги прикаже во ставката Човечки ресурси или во Директни трошоци и како ќе се одреди процентот на застапеност? | Доколку лицата се ангажираат како клучен персонал за спроведување на проектот треба да бидат буџетирани во ставката Човечки ресурси. Консултантите може да бидат алоцирани во ставката Директни трошоци, но тие не се сметаат за персонал ангажиран на проектот и имаат краткорочен ангажман поврзан со некоја конкретна активност. |
| П62. Соработници можат да учествуваат во други апликации како партнери или како апликанти. Дали тие влегуваат во 60:40 | Соработниците на проектот не се корисници на средства од буџетот. Доколку се појават во улога на партнер или носител во друг проект |

| | |
|---|---|
| распределбата, односно во 40% распределба од буџетот? | тогаш во зависност од улогата се почитува правилото за распределба: Делот од буџетот предвиден за носителот на грантот не смее да надминува 60% од вкупниот буџет. |
| П63. Дали доколку правилото е распределбата на буџетот да го следи односот 60:40 меѓу носител и партнер, дали тогаш распределбата на плати и оперативни наспроти директни трошоци која е 50:50, кај партнерот треба да се однесува на тие 40% од буџетот | Во водичот во точка 3.2. Грантови е наведено дека: делот од буџетот за носителот на грантот не смее да надминува 60% од вкупниот буџет. Распределбата на износот на опеартивни трошоци и трошоци за бруто-плати во однос на директните трошоци се препорачува да биде пропорционална. |
| П64. Во кој дел од буџетот може да се предвидат трошоци за сметководство? | Во делот за оперативни трошоци. |
| П65. Колку средства треба да се предвидат за настаните организирани од Цивика мобилитас?<br><br>П65.1. Процент од буџетот предвиден за учество во активности на ЦИВИКА МОБИЛИТАС: Бидејќи немаме претходно искуство, замолуваме да ни посочите конкретна или отприлика сума колку овај процент или износ во средства претставува со цел правилно планирање на буџетот и аплицирање на Вашиот повик. | Може да буџетирате трошоци за транспорт и по две ноќевања за лице од настан (се работи за два настани) за организацијата носител и партнери. Доколку произлезат дополнителни трошоци за оваа ставка, може да се прават буџетски пренамени во текот на спроведувањето. |
| П66. Дали има правила за распределба на трошоците за човечки ресурси и оперативни трошоци, на пр. 30% за човечки ресурси, 15% за оперативни трошоци и слично? | Не постои таков критериум. Износот на оперативните и трошоците за бруто-плати на персоналот се препорачува да биде пропорционален на директните трошоци и до 50% од вкупниот износ на овие три буџетски ставки (човечки ресурси, оперативни трошоци и директни трошоци). |
| П67. Дали финансиските средства одат кај носителот и потоа се распределуваат кај партнерот, или Цивика ги распределува средствата посебно кај носителот, пособено кај партнерот?<br><br>П67.1 Имавме Цивика грант во 2018 во кој ние ги менаџиравме сите плаќања за партнерот. За овој повик дали ќе биде ист | Цивика мобилитас потпишува договор со носителот и средствата ги префрла кај носителот. Носителот потоа треба да префрли дел од средствата кај партнерот или партнерите – регулирано со меѓусебен договор.<br>Партнерот/ партнерите треба да го менаџираат својот финансиски дел. |

| | |
|---|---|
| начин или партнерот ќе го менаџира својот финансиски дел? | |
| П68. Дали трошоците за ревизија треба да се предвидени и покриени само од носителот? | Нема таков критериум. Носителот и партнерите треба да се договорат каде и кај кого ќе биде алоциран овој трошок (може и да се подели процентуално меѓу нив) но секако треба да се предвидат во висина од околу 3% од грантот и надворешната ревизија да биде направена за трошоците настанати во рамки на проектот (од страна на носителот и од страна на партнерите). |
| П69. Дали трошоци (режиски, банкарски, учество на настани Цивика и сл.) може да се буџетираат во индиректни трошоци? | Може, но истите се препорачува да се буџетираат во буџетската линија оперативни трошоци. |
| П70. Дали индиректните трошоци треба да ја следат истата распределба кај носителот и партнерот, викаме дека е 10% од буџетот, меѓутоа дали остануваат кај носителот или треба да се направи подеднаква распределба меѓу носителот и партнерот? | Начинот на распределба на буџетот согласно правилата на повикот го договараат носителот и партнерот. |
| П71. Како се правдаат во проценти на ангажираност на работно време лица ангажирани од страна на партнерот доколку партнерот нема вработени лица? | Треба да им се направи договор на дело во кој што ќе биде наведено за колку работни часови дневно се ангажирани и на тој начин ќе може процентуално да се оправда. |
| П72. Дали во индиректните трошоци се признава и наемнината? | Тоа би бил оперативен трошок. Во оперативни трошоци влегуваат трошоци за функционирање на организацијата, како што се трошоци за наемнина, режиски трошоци, трошоци за канцелариски материјали, трошоци за сметководство, банкарски провизии и слично. Наемнината треба да се планира во ставката за оперативни трошоци, се разбира во износ кој што е релевантен за големината на проектот. |
| П73. Дали буџетот на апликацијата од новоформирана организација како носител заедно со партнер може да биде до 1.000.000 денари? | Може. Во повикот нема ограничување за минимален износ. Согласно 3.2.1. од Водичот за Партнерски грантови: „Максималниот износ на грантовите е до 3.000.000 денари“. |

| | |
|---|---|
| П74. Дали има ограничување на износот/процент за човечки ресурси од вкупниот буџет на апликацијата? (разгледувавме во водичот нема ограничувања ) | Во повикот има ограничување поврзано со соодносот на трошоците за плати и оперативни трошоци наспроти директните трошоци – како што е наведено во точка 3.4 од Водичот за партнерски грантови: „Износот на оперативните и трошоците за бруто-плати на персоналот се препорачува да биде пропорционален на директните трошоци и до 50% од вкупниот износ на овие три буџетски ставки (човечки ресурси, оперативни трошоци и директни трошоци).“ |
| П75. Дали може да се набавува опрема како дел од некоја активност која што би ја имале во проектот, да биде поврзано со самиот проект. | Подобните и неподобните трошоци се опишани во точка 3.4. Трошоци од Водичот за апликанти. Во зависност од планираните активности ваквите трошоци може да бидат подобни или неподобни. Предложените активности треба да придонесат кон целта и приоритетите на овој повик. Повеќе информации се дадени во точка 2.2. Приоритети и точка 3.3. Активности од Водичот за апликанти. |
| **7. Други прашања** | |
| П76. Дали доколку не го потпишеме Кодексот за граѓански организации, сме дисквалификувани? | Нема таков критериум за овој повик. Кодексот не е задолжителен. |
| П.77. Во фокусот на Цивика мобилитас се наоаѓа заедницата на цивика мобилитас и тоа се сите граѓански организации кои што биле корисници од 2009 до 2023. Колку тоа носи повеќе бодови на тие организации односно сите нас останатите што не сме биле и дали воопшто се исплати да се аплицира ако тие имаат приоритет? | Нема таков критериум. Сите поднесени пријави рамноправно ќе поминат низ административна проверка и проверка за подобност. Нема предност за организации кои имале претходно добиено грант до програмата Цивика мобилитас. |
| П78. Дали може да финансираме образовни државни институции во рамки на некоја активност? | Државните институции може да ги вклучите во активностите и да обезбедите услови за спроведување на тие активности (на пример. место за спроведување на некоја работилница, освежување, материјали и слично), но не може директно да ги финансирате (не може да им префрлате финансиски средства од грантот) |

| | |
|---|---|
| П79. Дали ќе треба да се ослободи од ДДВ проектот? | Да, добитниците на грант ќе треба да го регистрират проектот во МЕП и во УЈП. |
| П80. Колку апликанти сте имале досега, и процент колку од тие апликации биле одобрени и колку одбиени? | Бројот на доделени грантови речиси секогаш зависи од буџетот со кој располагаме за одреден повик. |